РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кеј Димитар Влахов бр.23, 1 000 Скопје, тел. 02/3298-288, факс. 02/3219-866

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Врз основа на член 33 став 2 и став 3 и член 34 од Законот за јавнообвинителска служба (Службен весник на РМ број 62 од 20.04.2015 година) се известуваат сите кандидати кои по административната селекција и испитот за јавнообвинителски службеник на јавниот оглас број 1/2020 за вработување на јавнообвинителски службеници се рангирани во првите пет места од бројот на работни места за кои се спроведува постапката за селекција за вработување, **дека интервјуто ќе се одржи на 18.12.2020 година во просториите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на бул.”Кеј Димитар Влахов” бр.23 Скопје, и тоа со следниот редослед и динамика:**

- за работните места во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија со почеток од 9,00 часот;

- за работните места во Вишото јавно обвинителство Скопје со почеток од 10,00 часот;

- за работните места во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со почеток од 11,00 часот; и

- за работните места во Основното јавно обвинителство Скопје 12,00 часот.

Сите кандидати со себе да понесат документ за лична идентификација и да ги донесат на увид во оригинал или заверен препис доказите за исполнетост на условот од чл.22 ст.1 алинеја 5 од ЗЈОС.

Се задолжуваат сите кандидати кои се повикани на интервју да ги почитуваат мерките за заштита и превенција од Корона вирусот.

Кандидатите кои нема да се појават на интервју, ќе се смета дека се откажале од понатамошна постапка за вработување.

КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ